# МАЛТЕР 10

*Готов машински цементно- варов малтер за внатрешна и надворешна употреба*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Машински малтер за малтерисување на внатрешни и надворешни ѕидови и плафони од бетон, тула, бетонски и леснобетонски блокови (сипорекс) и други минерални материјали. Соодветен за употреба во суви и влажни простории.

## СВОЈСТВА

- прашкаст материјал, кој се подготвува со вода;
- за внатрешна и надворешна употреба;
- соодветен за машинско и рачно вградување;
- едноставен за подготовка и изведба;
- добра обработливост и атхезија.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | сив прашок |
| W/M | - | 0,18-0,20 |
| Јакост на притисок | EN 13892-2 | ≥1MPa |
| Јакост на свиткување | EN 13892-2 | ≥0,5MPa |
| Атхезија за подлогата | EN 1015-12 | ≥0,3MPa |
| Густина на свеж материјал | EN 1015-6 | 1,4-1,5g/cm³ |
| Пори | EN 1015-7 | 25+/-3% |
| Максимална големина на гранулат | - | Dmax=1,2mm |
| Отворено време за работа на температура од 10-30°C | - | 30-40min |
| Температура на подлогата и воздухот при вградување | - | 5-35˚C |

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**ПОГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Малтер 10 се нанесува врз здрава, цврста и чиста подлога, без масти и прашина и без пукнатини и лабилни делови. Малтерот може да се нанесе на подлога од тула, бетон, леснобетонски блокови, гипсени блокови и на други минерални подлоги. Пукнатините на бетонските подлоги, потребно е претходно да се санираат со соодветни материјали. По потреба, кај многу суви и порозни подлоги, пред нанесување на малтерот, на подлогата може претходно да се нанесе претпремаз од Врска-У или АДИНГ Бетоконтакт.

**ВГРАДУВАЊЕ**

Малтер 10 се подготвува со чиста вода (на 25kg се додава 4.5-5,0l) и се меша до потполно воедначување. Вградувањето се изведува рачно, со мистрија, челична глетарка или машински. Отворено време за вградување и обработка е 30-40min. Температурата при нанесување треба да биде во граници од 5°C до 35°C.
Доколку е потребно прајмерирање пред нанесување на завршен акрилен премаз во боја или декоративен малтер врз Малтер 10, тоа може да се изведе со Прајмер В или Хидрофас Грунд.

СМЕСИ ЗА ИЗРАМНУВАЊЕ



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## ПОТРОШУВАЧКА

За слој од 1mm: ~ 1.2 kg/m²

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Вентил вреќа од 25kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории на температура над 5-35°C. Рок на употреба: 12 месеци.

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата и вдишување на прашкастиот материјал. Материјалот не е токсичен, но при инцидентен контакт, во случај да се контаминираат површини на кожата, истите места треба веднаш да се измијат со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Пожар:Малтер 10 е незапалив. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Малтер 10 се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.

СМЕСИ ЗА ИЗРАМНУВАЊЕ


АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk
www.ading.com.mk